47383

ДНЕВНИК, ВТОРНИК, 12 ДЕКЕМВРИ 2000 1428, 13,

ПО ИНИЦИЈАТИВАТА НА МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

# Црна Гора не сака да ги врати делата од македонски автори

Центарот за современи уметности во Подгорица во скоро време нема да ги врати делата од петтемина македонски автори, земени на реверс пред дванаесет години. Во Центарот (поранешен Музеј на неврзаните земји) се наоѓаат дела од македонските уметници Родољуб Анастасов, Петар Мазев, Димитар Малиданов, две графики од Душан Перчинков и една скулптура од Стефан Маневски.

Според Зоран Петровски, директор на Музејот на современата уметност, во контактите со одговорните лица од Центарот во Црна Гора им е речено дека враќањето на делата од македонските уметници е сложена работа и дека е потребно многу време за да се реши проблемот.

- Во разговорот со помошник-директорот на Центарот за современи уметности во Подгорица, ми беше речено дека ако бидат вратени делата од македонските уметници, и музеите од Словенија, Хрватска и Босна ќе бараат враќање на дела од нивни уметници, со што ќе се растури колекцијата што ја поседува Центарот - рече Петровски.

Тој истакна дека за враќање на делата ќе се интервенира преку Министерството за култура, иако пред неколку години е речено дека проблемот треба да се реши меѓу двете институции, а не преку министерствата.

- Очекуваме да ни биде пратено и официјално писмо од Центарот во Подгорица, но проблемот постојано се префрлува меѓу центарот и Министерството за култура на Црна Гора со што се одолжува работата - рече Петровски.

Проблемот за враќање на делата треба да се реши меѓу двете институции, бидејќи делата се само позајмени на Центарот за современи уметности. За реверсот постојат документи, со што позајмувањето е правно регулирано.

Делата на петтемина македонски уметници во 1988 година му се дадени на реверс на Музејот на неврзаните во Подгорица, за прославата на јубилејот на институцијата. Потпишан е договор според кој делата до 1991 година треба да бидат изложени во Музејот, а потоа да бидат вратени во Македонија. По распадот на Југославија, иницијатива за враќање на делата е покрената дури пред четири години.

Од Центарот во Подгорица досега не е вратено ниту едно дело на земјите од поранешна Југославија.